# ВОВЕД

Влијанието на менаџмент контролата и управувањето со ризици во банките е решителен фактор во правецот на натамошен просперитет и подобро банкарско работење во земјите во транзиција, а со самото тоа и во Србија.

Менаџмент контролата (контролинг) како функција, и управувањето со ризици во банките во Србија се базира на претпоставките дека воведување на системот на менаџмент контрола во рамките на организацијата и управување со работните процеси во банките, како и управувањето со ризици придонесуваат да работењето на банката биде економично, ефикасно и ефективно.

Потребата за воведување на систем на менаџмент контрола дел е од современото и специфично барање на здравото финансиско управување и контрола, а можноста за настанување на одредени настани кои што можат да имаат негативно влијание врз остварување на целите на финансиската институција, предуслов за ефикасно управување со ризици.

Клуч на успехот и придонесот на менаџмент контролата во банките е во тоа што се фокусира на критични ризици при работата и провера на фундаменталните активности за управување со ризици. Исто така, им дава на банките сознание за вредноста и во исто време ги открива нејзините слабости и главните ризици со кои се соочува.

И покрај постојаното унапредување на методите за контрола и предвидување на ризици во банките, ризични и непредвидливи ситуации се случуваат. Развивање на финансиските пазари, те воведувањето на нови пазарни инструменти, воведува нови ризици.

Дека се финансиските ризици непредвидливи покажа и најновата светска финансиска криза. Таа докажа дека постоечките техники за предвидување и контрола на ризикот не се доволни и дека мора да се работи на нови техники, како би се ризикот намалил и осигурило стабилно работење на финансиските институции. Краткорочни резултати на можат да бидат основни показатели за определување да се одредени институционални сегменти променат, како би се банкарскиот сектор направил поефикасен.

Банките и другите финансиски институции користат сценарио анализи. Се анализираат различни претпоставки за пораст на инфлацијата и каматните стапки и другите фактори кои влијаат врз нестабилност на системот, карактеристики на активата и обврските во секој од сценариата, како и перформансите на институцијата. На база на тие претпоставки, за секој сценарио се прави проекција на билансот на состојба и билансот на успех.

Денеска се Gap анализата и Duration gap сметаат за традиционални техники на менаџмент контрола во банки. Банките, исто така, се повеќе преоѓаат на нови техники на управување со ризик, како што се Value at Risk и Fair Value концептот (кој се базира на пазарни, не статистичко-историски вредности).

Менаџмент контролата е ефикасна доколку е менаџментот на банката уверен:

- во која мера се целите-плановите исполнети, односно реализирани;
- како се користат и чуваат средствата на банката;
- колку се информациите и финансиските извештаи совесно подготвуваат, и
- да постои усогласеност со законите и другите регулативи.

Менаџмент контролата треба да му укаже на менаџментот на банката на најважните ризици со кои се банките соочуваат: кредитниот ризик, ризикот од каматната стапка, ризикот на ликвидност, девизниот ризик, ризикот од вложување во каматни стапки и др., факторите на нивното создавање, методите за мерење и процена на важните прашања поврзани со ризикот, како би се составила ефикасна и избалансирана стратегија на управување со ризик.

Затоа е за менаџментот на банката од голема важност постојано подобрување на способностите за идентификување, мерење, мониторинг и севкупна контрола на ризикот кој што го банката превзема. Имено, мора да се работи на пронаоѓање на најоптимални решениа за менаџмент контрола и управување со ризици во банкарството во земјите во транзиција, а со самото тоа и во Србија.

Оваа работа ќе укаже на фактите дека примарната цел на менаџмент контролата и управувањето со финансиски ризици може да се оствари преку согледување на елементите битни за изградба на стратегија која ќе, поаѓајќи од мисијата, визијата и целите на банката, представува основ за изградба на таков систем на менаџмент контрола и управување со ризици кој што ќе овозможи остварување на поставените цели на банката.